Постои **голем интерес кај граѓаните за дискусиите кои се однесуваат на барањата на Бугарија** за отстапки од Македонија кои го засегаат јазикот и потеклото, а во светло на евроинтеграциите на земјата. Мнозинство од испитаниците (60,7%) постојано или повремено ја следат дискусијата. Интересот за темата расте со возраста на испитаниците и тоа од 37,1% кај оние на возраст од 18 до 29 години, до 81,8% кај граѓаните над 66 години. Ова го покажаа резултатите од анкета на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Телевизија Телма посветена на релациите меѓу Македонија и Бугарија, а во светло на отпочнувањето на преговорите со Европската Унија. За мнозинство од граѓаните (60,4%), **најчест извор на информации за овие прашања е телевизијата**
. Една петтина или 20,4% се информираат од интернет порталите, додека 16,4% информации добиваат од социјалните мрежи.


Според Вас, кои од следните работи се пречка на поинтензивна соработка меѓу Македонија и Бугарија?
2020
2017
2013
Историско непријателство
Културни разлики
Толкувањето на историјата
Националните политичари
Непријателски текстови во медиумите
Незаинтересираност на граѓаните
Лошата инфраструктурна поврзаност
Мешањето на други земји во регионот
0
20
40
60
80
За речиси три четвртини од граѓаните најголемите пречки за соработка меѓу двете земји се во историското непријателство, толкувањето на историјата и националните политичари.
ЕУРО ФОКУС


За да се подобрат меѓу Македонија и Бугарија, што мислите дека е потребно да се направи, дури и ако е спротивно на желбите на некои или многу луѓе?
2020
2017
2013
Да се соработува во културата, забавата, спортот
Подобрување на инфраструктурата и граничните пермини
Да се воведат заеднички учебници за историја
Пристап до медиумите на двете држави
Заеднички да се прославуваат настани и херои
0
25
50
75
100
125
Мнозинството граѓани во сите три периоди на истражување, подобрувањето го гледале главно низ две области: соработка во културата, забавата и спортот и подобрување на инфраструктурата и граничните премини меѓу двете земји.
ЕУРО ФОКУС